# НАШИОТ КРСТ
# Е НАШАТА СЛОБОДА

Фундаменталната синтагма на христијанската благословена антропологија е оличена во радостотворната поента: човекот е создаден како потенцијален благодатен богочовек. Токму поради тоа, христијанската антропологија не е сфатлива надвор од христологијата. Човекот е незамислив без и вон од Христовата богочовечка личност.

Нашиот православен македонски народ е христоцентрично насочен етнос. Неговата соборна личност цел еден милениум возрастува по мерата од растот на височината Христова, богодолично сочинувајќи го и претставувајќи го соборниот етнички организам на едниот лаос, односно народот Божји. Духовниот светоглед на православниот Македонец е стого литургиски обликуван, поради што животот и творењето му станале свети тајни и харизми на триипостасниот Бог.Светиот кирилометодиевски универзитет на Светиот Дух го образува и го воспитува Македонсцот за преобразување до нов човек на осмиот ден.

Македонецот на богочовечкиот реализам е антимонистички расположен. Нему му се подеднакво туѓи и материјализмот и спиритуализмот. Синтезата на двете крајности ги изгонува противречностите што предизвикуваат раскол на умот и на срцето низ сите македонски истории. Неможно е да се противстават Христос и светот. Токму во Христа се соединиле небото и земјата, Бог и човекот духот и телотот. Затоа и Црквата како жив организам на телотот Христово е наша небоземна тајна. Незамислива е грижата за т.н. „задгробен живот", тоа би ја спиритуализирало природата на Црквата. Таквиот монистички детерминизам ја сведува Црквата само на една од наејзините многубројни димензии и заборава оти човекот е образ на живиот

светотроичен Бог и израз на божествената слобода, љубов и достоинство.

Ете зошто христијанството на православниот Македонец не е јалова мистична напнатост. За него важи чудесната монашка апофтегма: „Спасувај се сам и уште илјада околу тебе ќе бидат спасени". Впрочем, Православната црква од Исток, според својата природа, не е состојба да се одржува по политички пат. Опортунизмот или заслабеноста на официјалните црковни кругови дотоклу потешко му паѓаат на веќе прилично духовно истрошениот македонски народ. Со право се очекува најбрзиот исход од климата на тиранскиот опскурантизам, предизвикан во нашата Црква од стравовласта на досегашниот недемократски идеолошки тоталитаризам. Од Црквата се очекува напор што ќе и одговара на народната жед за духовна слобода. Свесни сме за глобалната криза на духовниот живот оприсутена во сите творечки области. Тој напор на светиклиментовото православие треба да се насочи спрема унијатските стремежи на ватиканската курија, со цел да се обессилат.

Повикани сме и обврзани да го продолжиме и да го развиеме духовното наследство на нашите народни патријарси и возглавители. Да создадеме културни вредности во согласност со нашиот христоцентричен духовен опит. Затоа, во теантрополошкиот пристап смрема човекот слободата е корен за човечкиот напредок, но и за неговата пропаст. Таа ние е крст, а крстот ни е слобода.

Дивиот ритам на прирдата и борбата со неа се пренесуваат начовечката природа онака како што се пренесува и убавината и непорочноста на прирдата. Нашето длабоко христијански проникнато село функционираше како едно големо семејство. Луѓето беа упатени едни надруги. А сето тоа траеше дотогаш додека македонскиото село ги чуавше смислата и чувството за својата сопствена духовна традиција и култура на

живеење. Но, паметењето ентропира во заборав отако некој силно се потруди градот да му стане предизвик на селанецот. Набрзина регрутираниот лупенпролетер, откако го разори домашното огниште и ги раскопа гробиштата на своите предци, молневито ширеше хоризонти во новата средина. Но, во неможност да го апсорбира сето она што градот му понуди, доживеа аверзија. Се онеспособи да ги следи и да ги анализира причините што доведоа до дохвни катаклизми од несогледливи размери. Динамиката на градот е истовремено предимство и слабост на градот. Во животот на хомо урбанус-от празникот го губи својот карактер, зашто е изневерено чувството на неговата светотаинствена димензија. Градското милје се претвора во духовна пустина.

Но, се случува опустошениот човек на урбаната пустина да му се врати на Христа, а со тоа и на својот христоносен народ, додека селскиот човек и понатаму бразди по смртоносниот процес на алиенација од Бога, како последица на трагичното осиромашување на духот. Збунет од сложеноста на проблемите што самиот си ги предизвикал, Македонецот се крие пред потребите и одговорностите насвоето време. Гради една типично нојска култура на живеење.

Новиот технократски феномен го става нашиот човек во состојба на сендвич поради притисокот што врз него го вршат две тенденции: 1) природата и 2) индустријата, која го оттуѓува од многубројните природни факти и фактори што се од исклучителна важност за иднината на македонскиот човел. Затоа ќе се осмелиме да потврдиме дека функцијата на градот со неговиот застрашувачки урбанизам е плод на човечките настојувања да са ослободи од природниот детерминизам. Но, човекот неретко бидува заробен од смиот себе. Модерниот свет, на тој начин, станал стапица за оној што самиот ја изградил. Но, во мигот кога станува свесен за суровата вистина, ја губи

радоста на животот, сведувајќи ја на ниво на категориите: „разонода" или „релаксација". Таа е дозволена само во миговите на починка, а тоа значи дека станала концесија, компромис.

За автентичниот православен Македонец, слободен од тиранијата на религијата на секуларизмот, празникот не е просто „прекин" на бесмислениот и од работа преоптоварен живот, туку пред се оправдување на трудот, негов плод, негова светотаинска трансформација во радост, а сосамиото тоа и во слобода. На тој начин, празникот органски се проткајува со времето и со природата на човечкиот живот во светот.

Распетието Христово го укина секое „природно" радување. Гледано низ призмата на крстот, тажната „сериозност" на модерниот човек има христијанско потекло.

Поради тоа што евангелието му е проповедано на овој свет, обидите да и се вратиме на „паганската радост", барем меѓу нас, македонските Словени, се осудени на неуспех. „Постои само една тага", вели Леон Блоа, содржана во фактот „оти не сум светител". И таа тага мистериозно го проникнува целио живот на светот и неговата налудничава патетична глад и жед за совршенство. Таа тага ја убива секоја радост. Од друга страна, пак, христијанството нам ни било откровение и дар на радоста. „Зашто преку крстот му дојде радоста на целиот свет". Таа радост е чиста радост. Таа од ништо не е условена, ниту пак е награда за нешто што е во нас. Таа е целосен и апсолутен дар, χαρις, благодат. И токму затоа, таа поседува реална преобразувачка моќ во овој свет. Таа е печат на Св. Дух ставен врз животот на Црквата, нејзината вера, надеж и љубов. Ако христијанството беше чист „мистицизам", чиста „есхатологија", празниците ќе беа бесмислени. Светата душа би го држела својот скриен празник далеку од овој свет, според мерата од сопственото ослободување од времето. Но радоста и е дадена на Црквата заради овој свет – за Црквата да стане нејзин сведок и

со радоста да го преобрази овој свет. Таква е „функцијата” на христијанските празници и значењето на нивното приложување кон времето. Ние Македонците силно сме ги прегрнале зашто ни станале живот.

*(Глас, год. I, бр. 1, 31 Јануари 1991 год.)*